# Malinski
## photo festival

КУМАНОВО
09-10. VI. 2017

КРАТОВО
11. VI. 2017

photo club
kumanovo

photo club kumanovo

Титова Митровачка бр.2
1300 Куманово
тел: +389 72 226 243

photoclubkumanovo@gmail.com
www.photoclubkumanovo.com

## организационен одбор на фестивалот

Владимир Јовановски
*директор на Малински Фото Фестивал*

Софија Петковска
*претседател на ФК Куманово*

Александар Драгишевски
*секретар на ФК Куманово*

Дарио Королија
*менаџер за односи со јавност*

Предраг Поповски
*директор на фотографија*

Марина Крстиќ
*координатор*

Жаклина Стефановска
*координатор*

Стефан Илиевски
*координатор*

Никола Величковски
*координатор*

# ПРОГРАМА НА ФЕСТИВАЛОТ

## 09. 06. 2017 КУМАНОВО

19:00 - 19:30 ч. Фото Клуб Куманово
**ОТВОРАЊЕ**

19:30 - 20:30 ч. Фото Клуб Куманово
**ДРАГОСЛАВ МИРКОВИЌ - предавање**
**„РАЗЛИКИ И СЛИЧНОСТИ КАЈ АНАЛОГНА И ДИГИТАЛНА ТЕХНОЛОГИЈА“**

## 10. 06. 2017 КУМАНОВО

12:00 - 12:30 ч. НУЦК „Трајко Прокопиев“
**МЕЃУКЛУПСКА ИЗЛОЖБА НА ФОТОГРАФИЈА „КРУГ“**

12:30 - 13:00 ч. НУЦК „Трајко Прокопиев“
**БОЈАН ПЕТРОВИЌ – БОКАЦ - самостојна изложба**
**„ТАГА И РАДОСТ – РОМИ“**

13:00 - 14:00 ч. НУЦК „Трајко Прокопиев“
**ЗОРАН ЃОРЃЕВИЌ - предавање**
**„ФОТОГРАФИЈАТА ВО ФИЛМСКАТА УМЕТНОСТ“**

14:30 - 15:00 ч. Уметничка галерија на град Куманово
**ДРАГОСЛАВ МИРКОВИЌ - самостојна изложба**

15:00 - 15:30 ч. Уметничка галерија на град Куманово
**КЛУПСКА ИЗЛОЖБА НА ФК КУМАНОВО "ТУМБА”**

16:00 - 16:10 ч. Театар Куманово
**МАРИНА КРСТИЌ - проекција на фотографии**
**„ЦРВЕНА ЛИНИЈА“**

16:10 - 16:20 ч. Театар Куманово
**БУРАК ШЕНБАК - проекција на фотографии**
**„ASHURA MOURNING“**

16:20 - 16:30 ч. Театар Куманово
**ВЛАДИМИР ЈОВАНОВСКИ - проекција на фотографии**
**„GREATEST GIFT“**

16:30 - 16:40 ч. Театар Куманово
**KHAYYAM 2016 - проекција на фотографии**
**International exhibition of photography**

16:40 - 16:50 ч. Театар Куманово
**ГОРАН КОЈАДИНОВИЌ - проекција на фотографии**

16:50 - 17:00 ч. Театар Куманово
**ТОМАС ОКОНИЕВСКИ - проекција на фотографии**
**"IN THE KINGDOM OF SMOKE"**
**"TOUCH OF THE SUN"**

17:10 - 17:20 ч. Театар Куманово
**УМЕТНИЧКА ФОТОГРАФСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА ИРАН (I.P.A.F) - проекција на фотографии**

17:10 - 17:20 ч. Театар Куманово
**ПРЕМИСЛАВ НИЕПОКОЈ - проекција на фотографии**

17:20 - 17:30 ч. Театар Куманово
**БОБ ДИВАЈН - проекција на фотографии**

19:00 - 20:00 ч. Фото Клуб Куманово
**ДУШКО ЈОВАНОВСКИ- самостојна изложба**
**„RETRO“**

## 11. 06. 2017 КРАТОВО

09:00 - 12:00 ч. **ФОТО САФАРИ**

12:00 - 12:30 ч. ОУ Музеј на град Кратово
**КЛУПСКА ИЗЛОЖБА НА ФОТО КИНО КЛУБ БИТОЛА**

12:30 - 13:00 ч. Дом на култура „Лазар Софијанов“
**КЛУПСКА ИЗЛОЖБА НА ФА МЕРСИН ОЛБА**

12:30 - 13:00 ч. Ресторан „Кузе“
**ЗАТВАРАЊЕ НА ФЕСТИВАЛ**

## ФЕСТИВАЛОТ Е ПОДРЖАН ОД:

parallax
art events provider

National Photo Union of Macedonia

k••net
Kumanovo Telecom Provider

VENCO
DIGITAL PHOTO & VIDEO

НУЦК
ТРАЈКО ПРОКОПИЕВ
КУМАНОВО

Општинска установа
МУЗЕЈ
на град КРАТОВО

## МЕДИУМСКИ ПОКРОВИТЕЛИ:

МРТ 1, sitel, 5, K, T4, Браво, Слободна Македонија, НОВА МАКЕДОНИЈА, вечер, media, Tomato production, T

Independent, IN press, a1on.mk, DIVIDI.COM.MK, META.mk новинска агенција, ИНФО, KumanovoNews, КУРИР, КУМАНОВСКИ МУАБЕТИ, TELEGRAF.MK, ЛОКАЛНО.мк

www.malinski.photoclubkumanovo.com

Драги пријатели, љубители на фотографијата и фотографската уметност, добредојдовте и оваа година на Фото фестивалот „Малински“ заеднички да ја споделиме љубовта кон фотографијата. Благодарејќи на сите нас, се оствари нашата посакувана желба повторно да се собереме на „Малински“, пред се затоа што фестивалот го чуствувме како дел од нас и место каде се пронаоѓаме самите себе.

Како и предходните години така и оваа година „Малински“ ни овозможува на еден поинаков начин да ја презентираме фотографската уметност, да ги размениме нашете искуства и знаења, да стекнеме нови пријателства, да се забавуваме и уште повеќе да ја продлабочиме нашата соработка.

Идејата за еден ваков настан се роди пред неколку години од група млади фотографи, членови на Фото клуб „Куманово“, кои само што зачекорија во магијата наречена „фотографија“, но и тоа скромно искуство посакаа да го споделат со друг. Нивната широко подадена рака беше прифатена и подржана од сите страни. Од идејата, ентузијазмот и посветеноста на овие млади луѓе, а на наше задоволство, се појави Фото фестивалот „Малински“ како посебна и единствена манифестација во поширока смисла на зборот.

И оваа година „Малински“ се оддржува во Куманово и Кратово, а во програмата се застапени предавања, самостојни изложби на познати фотографи, клупски изложби, меѓународна меѓуклубска изложба, проекции на фотогрфии од афирмирани фотографи и фото сафари.

На сите учесници, наградени автори и поддржувачи на овој фестивал, како и на сите посетители и љубители на фотографијата, им благодарам за нивното издвоено време и внимание со што допринесоа „Малински“ да стане посебен и посакуван настан. Поздрав, и ве очекуваме и следната година.

*Владимир Јовановски*

ПРЕДАВАЊЕ

Куманово | 09.06.2017 год. | ФОТО КЛУБ КУМАНОВО 19:30 - 20:30 ч.



# ДРАГОСЛАВ МИРКОВИЌ



## РАЗЛИКИ И СЛИЧНОСТИ КАЈ АНАЛОГНА И ДИГИТАЛНА ТЕХНОЛОГИЈА

- Предности и мани кај аналогна и дигитална фотографија.
- Нивни доблести и непогодности, низ визуелни прикази.
- Дали со купување на дигитален апарат сме го решиле она што ни фалеше во нашите дела?
- Зошто многу автори се враќаат на аналогна фотографија и каде е средината?

КРУГ

# ИНТЕРНАЦИОНАЛНА МЕЃУКЛУПСКА ИЗЛОЖБА НА ФОТОГРАФИИ

**Куманово | 10.06.2017 год. | НУЦК „Трајко Прокопиев“ | 12:00 - 12:30 ч.**

Драги пријатели, почитувани фотографи и љубители на фотографијата, традиционалната меѓуклубска изложба на фотографии „Круг“ е специфична и уникатна според својот натпреварувачки карактер помеѓу два клуба и улогата на жири како трет клуб. Оваа година „Круг“ се одржува помеѓу домаќинот Фото клуб „Куманово“ и поканетиот Фото клуб „Буфод“ од Истамбул - Турција, а жирито се членовите на Фотографското здружение „ФОТУМ“ од Војниц - Полска.

На оваа изложба ќе имате можност да погледнете фотографии од двата клуба, од веќе афирмирани фотографи, како и од помлади фотографи кои по креативноста и техничка обработка не заостануваат зад нивните поискусни клупски колеги. Од изложените фотографии не може, а да не се заклучи дека интересот за оваа изложба бил голем кај членовите на двата клуба, кои несебично се погрижија да ни се претстават со своите најдобри фотографски дела, пружајки им пријатни мигови на посетителите.

Искрено се надевам дека популарниот „Круг“ ќе продолжи да се врти и следната година со нов гостин и во нов такмичарски дух.

Претседател на ФК „Куманово“
г-ца Софија Петковска

## ЖИРИ



FOTUM
PHOTOGRAPHIC SOCIETY OF WOJNICZ

Улогата на жирито на било кој натпревар воопшто не е лесна задача. За нас, како судии на конкурсот на уметничка фотографија „Круг 2017“, чувството е двојно, претставува чест, но воедно и голем предизвик. „Круг“ е единствен настан во светот на фотографијата. Се бележат и поднесуваат фотографски дела од два клуба, а се жирираат од страна на трет клуб. Нашата задача беше да ги прегледаме и процениме делата фер и чесно.

Нивото на уметнички достигања оваа година беше високо, па од 160 пристигнати фотографии, беше доста тешко да се одлучи за фаворитите и победниците. Оваа ниво доведе до многу интересни и конструктивни дискусии меѓу членовите на жири комисијата. Некои од нив настапија и со многу жар. Конечно, веруваме дека направивме вистимски избор и избравме фотографии со извонредни артистички вредности, силни емоционални пораки и техничка перфектност.

Би сакале да им честитаме на сите автори кои ги доставија своите дела како и на оние наградените. Исто така ги пофалуваме организаторите од Фото клуб Куманово за оваа идеја, во која уметничката фотографија се промовира во еден натпреварувачки дух.

Претседател на „Фотографското здружение од Војниц - ФОТУМ“
Мајцеј Бабијарж

BÜFOD
BÜYÜKÇEKMECE FOTOĞRAF DERNEĞİ

Би сакал да ја искажам мојата искрена благодарност до Фото клуб Куманово, до г-ца Софија Петковска и г-дин Владимир Јовановски за нивниот огромен труд во организирање на „Круг 2017“, фотографски натпревар помеѓу нашите клубови. Оваа организација не само што ќе ни помогне во промовирање на фотографии меѓу нашите два клуба, туку исто така поттикна многу членови да се натпреваруваат на интернационално поле, а со тоа се зголеми и пријателството. Благодарност и до г-дин Мациеј Бабиарж за неговата посветеност и тешката одлука како што е жири комисијата. Од почетокот до крајот натпреварот беше без грешка и ние искажуваме задоволство во селектираните дела. Се надеваме дека и ние ќе бидеме домаќини на овој важен натпревар кај нас во Бујукчекмече, Истанбул, а во исто време се надеваме и на понатамошна соработка и нови проекти со Вашиот пријателски клуб. Благодарам уште еднаш за укажаната можност.

Претседателот на БУФОД
Хуријет Акин

## ПРИМЕНИ ФОТОГРАФИИ

**Ahmet Mücen (Turkey)**
Kopru ve kar

**Aleksandar Cvetkovic (Macedonia)**
Matilda

**Aleksandar Dragisevski (Macedonia)**
Direction
Half

**Ali Riza Izgi (Turkey)**
Play

**Aycan Sezer (Turkey)**
Prayer
In the Village

**Barkin Arikut (Turkey)**
Flying Fisherman

**Beste Yıldırım (Turkey)**
Best1002

**Burak Senbak (Turkey)**
Cold
Convict
I can not play

**Darko Stojkovski (Macedonia)**
Plastic Balls

**Erkan Yurt (Turkey)**
Red
Sislerin Ardnda

**Fethi Turgut (Macedonia)**
Boats
Women and labor

**Filip Stankovski (Macedonia)**
Hunt to Survive
Hayrullah Karabacak (Turkey) – Yalnizlik

**Gabriela Savevska (Macedonia)**
Osamenost

**Hürriyet Akın (Turkey)**
Hakn3

**Marina Krstic (Macedonia)**
Conection
Inevitability

**Meral Bektas (Turkey)**
Being a child in Ethiopia

**Meri Janevska (Macedonia)**
African children in school
In the middle of tides
Kids around the corner
Stone Town in Zanzibar

**Mustafabulent Yilmaz (Turkey)**
Black and white
Crow

**Nikola Velickovski (Macedonia)**
The Billhook

**Pakize Sarıkaya (Turkey)**
Geometri
Golgeler
Umut

**Salih Yıldırım (Turkey)**
Salih0003

**Sandra Trajkovska (Macedonia)**
Portrait

**Serkan Turac (Turkey)**
Big ship

**Stefan Ilievski (Macedonia)**
Where eagles dare

**Turan Keskin (Turkey)**
Coal
Grape
Yasam

**Turgut Temoçin (Turkey)**
Turgut1
Turgut2

**Ümit Ersoy (Turkey)**
Ohrid Lake
Umbrella and snow

**Vladimir Jovanovski (Macedonia)**
Jump around
Omani streets
Sancaklar mosk

**Zaklina Stefanovska (Macedonia)**
From Prilep

# НАГРАДЕНИ ФОТОГРАФИИ СО ТРОФЕИ




INTERCLUB PHOTO EXHIBITION
"CIRCLE 2017"
AWARDS

1 **GOLD TROPHY**
**Gabriela Savevska (Macedonia)** - Osamenost

2 **SILVER TROPHY**
**Pakize Sarıkaya (Turkey)** - Geometri

3 **BRONZE TROPHY**
**Turan Keskin (Turkey)** - Coal






# НАГРАДЕНИ ФОТОГРАФИИ СО ДИПЛОМИ













## DIPLOMAS

1. **Barkin Arikut (Turkey)**
   Flying Fisherman
2. **Vladimir Jovanovski (Macedonia)**
   Sancaklar mosk
3. **Meri Janevska (Macedonia)**
   Kids around the corner
4. **Burak Senbak (Turkey)**
   I can not play
5. **Aycan Sezer (Turkey)**
   In the Village
6. **Hürriyet Akın (Turkey)**
   Hakn3




































1. **Aleksandar Dragisevski (Macedonia)**
   Half
2. **Ali Riza Izgi (Turkey)**
   Play
3. **Nikola Velickovski (Macedonia)**
   The Billhook
4. **Sandra Trajkovska (Macedonia)**
   Portrait
5. **Beste Yıldırım (Turkey)**
   Best1002
6. **Salih Yıldırım (Turkey)**
   Salih0003
7. **Hayrullah Karabacak (Turkey)**
   Yalnizlik
8. **Meral Bektas (Turkey)**
   Being a child in Ethiopia
9. **Filip Stankovski (Macedonia)**
   Hunt to Survive
10. **Darko Stojkovski (Macedonia)**
    Plastic Balls
11. **Fethi Turgut (Macedonia)**
    Boats
12. **Serkan Turac (Turkey)**
    Big ship































13 **Ümit Ersoy (Turkey)**
Umbrella and snow

14 **Aleksandar Cvetkovic (Macedonia)**
Matilda

15 **Marina Krstic (Macedonia)**
Inevitability

16 **Stefan Ilievski (Macedonia)**
Where eagles dare

17 **Aycan Sezer (Turkey)**
Prayer

18 **Ahmet Mücen (Turkey)**
Kopru ve kar

19 **Zaklina Stefanovska (Macedonia)**
From Prilep

20 **Turgut Temoçin (Turkey)**
Turgut1

# САМОСТОЈНА ИЗЛОЖБА НА ФОТОГРАФИИ

Куманово 10.06.2017 год. НУЦК „Трајко Прокопиев“ 12:30 - 13:00 ч.






Роден во Ќуприја, 01.01.1983 година, живее во Параќин. Љубовта спрема фотографијата му се јавува уште во средношколските денови. Своите први сериозни чекори во тој правец Бојан ги прави во 2010 година, кога станува член на Фото Кино Клубот Параќин. Наредната година се зачленува и во Фото Сојузот на Србија. Благодарение на големата посветеност во работата, веќе во 2011 и 2012 година фотографиите на Бојан се наградувани на многу домашни и меѓународни конкурси на уметнички фотографии.

За најуспешен автор во рамките на ФСС (Фото Сојуз на Србија) е прогласен во 2013 година, додека наредната година на истата листа се нашол на второ место. Во Фото Сојуз на Србија му е доделено звањето КМФ (Кандидат-Мајстор на фотографија), а во FIAP (Federation Internationale de lÁrt Photographique) звањето EFIAP/b (Exellence FIAP/bronze). Почесен носител е на звањето HonFtGM кое што му е доделено од страна на Уметничкото Ателје Фотограм од Белград. На светско ниво тој е шести носител на оваа звање , а е прв во Србија.

До сега излагал на многу колективни изложби во 41 различна држава. Неговите фотографии биле наградувани во 19 држави и до денес има околу 200 медали и пофалби за своите фотографии. Од доменот на уметничката фотографија, најзначајна му е специјалната награда на 77. Изложба на Обединетите фотографски асоцијации на Јапонија.

# БОЈАН ПЕТРОВИЌ БОКАЦ





16

Кон средината на 2012 година, преминувајќи го на брзина мостот на реката Црница, моето внимание го привлече едно ромско семејство кое што се одмораше во ладовината на мостот, по краткото освежување во реката. Решавајќи да ги одложам своите обврски, им пристапив и ги запрашав: „Која е вашата приказна?“.

Секогаш ме фасцинирала слободата на живеењето во секоја смисла. Кај Ромите кои што живеат на работ на егзистенцијата, таа слобода е силно изразена. Децата се во состојба да измамат насмевка и радост на повеќето луѓе. Така тргнува мојата приказна со фотографиите од малите ромски деца. Чувствував огромно задоволство и среќа додека ги бележев тие мали, често валкани лица кои со љубопитност ме гледаа. Довербата која ја стекнав кај родителите на тие малечки, го ослободи духот и безгрижноста на децата и ми отвори целосен пристап на нивниот свет. Набргу станав пријател и секогаш добредојден гост, што ми овозможи уште поискрено да ги пренесам многуте моменти кои и сам ги имав доживеано, моментите кои ме радуваа, смееа, збунуваа и често растажуваа.

Мојата желба е со овие фотографии да го пренесам фактот дека во нашето општество, во нашето опкружување постои национално малцинство кое сеуште живее многу тешко. Мојата желба е преку насмевката и тагата од набљудувањето на овие фотографии, да го свртам вашето внимание во надеж дека на улиците нема да го тргате погледот од социјално загрозените луѓе, меѓу кои се и Ромите. Нивниот живот е и наша грижа, општествена грижа!

Бојан Петровиќ - Бокац

## ИЗЛОЖЕНИ ФОТОГРАФИИ

1. Jovana 3
2. Bekina petnaesta godina ( serija )- fotka Tears
3. Bekina petnaesta godina ( serija )- fotka Birthday 1
4. Bekina petnaesta godina ( serija )- fotka Beka
5. Bekina petnaesta godina ( serija )- fotka Beka sa Grlicom 5
6. Sisters
7. Jummy
8. Mica
9. Trubac
10. Run bw
11. Kristijan a
12. Commando 1
13. My life
14. Jovana 2
15. Kristijan
16. Jovana biker
17. My world
18. Cat and I
19. Katarina
20. Kristina
21. Smile
22. Our room
23. Thoughtful
24. Thoughtful 1
25. Help
26. Bojana
27. My room 2
28. Fight of lions
29. My room
30. Jovana 5
31. Good mum
32. Beka sa Grlicom 2 k
33. In her mother's boots
34. 15 and pregnant



9



32



18



21

ПРЕДАВАЊЕ

Куманово | 10.06.2017 год. | НУЦК „Трајко Прокопиев“ | 13:00 - 14:00 ч.

# ЗОРАН ЃОРЃЕВИЌ



Роден во Крагуевац, од кој често заминува, но секогаш се враќа. Прв дипломирал во класата на одсек за новинарска фотографија во Југословенски институт за новинарство во Белград. Својата фотографска кариера ја започнува во средина на седумдесетите како соработник за весниците „Омладинске новине“, „Младина“ (Словенија), „Ферал“, „Око“, „Полет“ (Хрватска) и „Погледи“ во која учествувал и како уредник на фотографија. Од 1985 до 1995 година работи како уредник на фотографија, филм и видео за реклама на фабриката „Застава - Југо автомобили“. Соработувал со службите за дизајн и маркетинг на BMW и FIAT, YUGO CARS во Америка и со рекламни агенции на територијата на Југославија. Освоил значајни награди за фотографија во бивша Југославија, меѓу кои и диплома „Анастас Јовановиќ“, како и награди на 80 меѓународни и домашни салони на уметничка фотографија. Ја има титулата мајстор на фотографија во Фото Сојуз на Србија и титулата ЕФИАП (Excellence FIAP). Член е на уметничкиот совет на Фото-сојуз во Србија. Почесен член е на Здружение за промоција на аналогна фотографија, „Кадар 36“, во Загреб. Член е и на ULUPUDS.

Покрај фотографскиот занает има уште еден, правничкиот. Член е на Меѓународната организација на филмски критичари – FIPRESCI. Предавач е за филм во Студентскиот културен центар во Крагуевац. Еден е од основачите на BELDOCS, Меѓународен фестивал на документарен филм во Белград.

# ФОТОГРАФИЈАТА ВО ФИЛМСКАТА УМЕТНОСТ



# САМОСТОЈНА ИЗЛОЖБА НА ФОТОГРАФИИ

**Куманово 10.06.2017 год. НУЦК „Трајко Прокопиев“ 14:30 - 15:00 ч.**




**Драгослав Мирковиќ** е роден во 1946 година во Соко Бања, тогашна Југославија. Завршува средно стручно училиште. Со излагачки активности започнува од 1967 година, а звањето Кандидат Мајстор на ФСЈ добива во 1977 година, на Собранието на ФСЈ во Загреб. До денес има учествувано на повеќе од 550 колективни изложби во Србија и странство (во 35 држави) и одржал 17 самостојни изложби.

Од нив се издвојуваат: изложба во Центарот за современа уметност во Титоград (денешна Подгорица, Црна Гора) во 1986 година, Ресторан Парк во Белград во 2000 година, Домот на култура во Иваново во 2007 година, Градска галерија Параќин во 2008 година и др. Добитник е на преку 120 награди од кои најзначајни се: Златна плакета на ФСЈ на 19-та Југословенска изложба на фотографии во Марибор во 1975 година, Златен медал на FIAP во Кина во 2007 година, Златен медал PSA во Иран во 2013 година и др. Добитник е на следните признанија: Бронзена плакета „Борис Кидрич“ во 1976 година, Сребрена плакета „Борис Кидрич“ во 1983 година, Повелби и плакети „Smeli cvet“ на Сојузот на социјалистичката младина на Србија во 1980 година, Сребрена плакета на Универзитетот за уметност во Белград во 1999 година, Диплома на Фото сојузот на Србија во 1999 година, Диплома на Фото сојузот на Југославија во 1999 година, плакета на ULUPUDS во 1999 и Повелба за животно дело на ULUPUDS во 2000 година.

Во периодот 1972-1978 година избран е за претседател на уметнички совет за фотографија на Фото-кино сојузот на Србија, а подоцна од 1978 година до 1982 година станува секретар на Фото сојузот на Југославија. Во 2006 година е избран за потпретседател на уметнички совет на ULUPUDS и должноста ја извршува до 2010 година. Во периодот 2003-2011 година е член на уметнички совет на Фото сојузот на Србија. Во 1978 година, заедно со Стеван Ристиќ, го организира Меѓународниот FIAP семинар за младински раководители - Трогир. Во 1985 година е инструктор во Летната школа на Фото сојузот на Југославија во Требиње. Од 1972 до 1978 година работи професионално како Секретар на Студентскиот сојуз за техничко воспитување Белград. Во 1978 година станува волонтер Секретар на Фото сојузот на Југославија, а во годините од 1982 до 1988 работи во новинарската куќа Политика. Во периодот 1988–2011 работи на Факултетот за применети уметности во Белград, отсек - Фотографија.

Носител е на звањата: MF FSJ (1991), MF FSS, EFIAP/g и ULUPUDS.

"Nepoverljiva 09"

## ИЗЛОЖЕНИ ФОТОГРАФИИ

**ПОРТРЕТИ**

VECERNJA IZMAGLICA 2
SLIKE 016
DVOJE
NEPOVERLJIVA 3
NEPOVERLJIVA 2
NEPOVERLJIVA 22
NEPOVERLJIVA 09
NEPOVERLJIVA1
Mila 007
VASA 2-2

**АКТОВИ**

2-A-2 ANA 231
2-A-TAM. 0206-3
2-A-TAMARA-0056
ANA 3
ANA 41-8
ANA 81-3
BELA 02-0088-2
BRANKA 145-2
BRANKA 163-3
BRANKA 200-4

**КРЕАТИВНИ**

VRELINA 6-HEAT 6
VRELINA 08 30 45
VRELINA 13
VRELINA 11
VRELINA 490
Dorjan
IMG038/ BRAČ 04/
IMG039/AVALA 3/
IMG042/VRELINA 2/
VRELINA 05-HEAT 05
obala 001
obala 013
obala 015
obala 006
obala-60
obala 029
obala 030
obala 017
D1/ADA BOJANA 03/
OBALA 04




1 **Vrelina 6-heat 6**
2 **Ana 41-8**
3 **Dvoje**
4 **Dorjan**
5 **Djura iz gaja**
6 **Obala 015**















КЛУПСКА ИЗЛОЖБА НА ФОТОГРАФИИ – ФК КУМАНОВО

Куманово 10.06.2017 год. Уметничка галерија на град Куманово 15:00 - 15:30 ч.

Фото клуб Куманово

# ТУМБА

2017



Александар Драгишевски - „Desert camel“
















1. **Нате Јовчевска**
   Serios face expretion made by brothers
2. **Александар Цветковиќ**
   Coca C...
3. **Сандра Трајковска**
   Lines
4. **Мила Златковска**
   Boats
5. **Марина Крстиќ**
   Wall
















1. **Никола Даниловски**
   Trail
2. **Марјан Младеновски**
   Expression
3. **Дарио Королија**
   Max
4. **Дарко Стојковски**
   Dark Monolithism
5. **Предраг Поповски**
   Mechanic
6. **Ивана Илиевска**
   Spiritual experience
7. **Жаклина Стефановска**
   Roma child singing
















1 **Филип Јаневиќ**
Window

2 **Владимир Јовановски**
Cooking

3 **Драгана Денковска - Ѓаковска**
Dandelion

4 **Никола Величковски**
Spice Maker

5 **Стефан Илиевски**
The melancholy and mystery of the street

**Куманово 10.06.2017 год. Народен Театар Куманово 16:00 - 16:10 ч.**



**Марина Крстиќ** родена во Куманово 1982 година. По завршувањето на Филозофскиот факултет, отсек класични студии, почнува да работи како наставник во основните локални училишта, во кои предава класична култура во европската цивилизација. Уште од рани детски години е внесена во светот на уметноста, преку посети на бројни културни манифестации и евенти. Така домашното влијание стихијно и го трасира интересот кон уметничката фотографија. Размислите за уметничка фотографија длабоко и се врежуваат кога присуствува на еден семинар во 2003 година, насловен како SeeU in Motion, каде се запознава со професионални француски и белгиски фотографи. Но желбата да посегне и самата кон апаратот професионално, успева да ја реализира дури во 2013 година. Тогаш станува активен курсист во школото за уметничка фотографија која ја предводи Владимир Јовановски, во тогашниот Фото кино клуб „Козјак“. Следната година, заедно со уште 20-тина љубители на фотографијата станува дел од основањето на нов фото клуб, кој го носи името ФК „Куманово“. Од тогаш активно учествува на многу домашни и интернационални салони, кои се под патронажи на познати светски асоцијации, на кои освојува бројни награди и признанија. Се јавува и како организатор на Малински фото фестивал.

# МАРИНА КРСТИЌ

## ЦРВЕНАТА ЛИНИЈА



„Црвена линија“

**Куманово 10.06.2017 год. Народен Театар Куманово 16:10 - 16:20 ч.**

# БУРАК ШЕНБАК

## ASHURA MOURNING



**Бурак Сенбак** - EFIAP\b, GPU Hermes, Hon.SSS

Роден во 1965 година во Истанбул, Турција. По занимање е механички инжинер и хонорарен фотограф. Бил генерален секретар (2011-2013 година) и потпретседател на Управен одбор (2013–2015) на клубот на фото кино аматери на Истанбул İFSAK, непрофитно здружение кое постои 55 години. Член е на RPS, PSA, GPU, FIAP, TFSF (Фотографска асоцијација на Турција), почесен член на Sille Sanat Sarayı (Уметничката галерија Силе), основач на БУФОД (Фото клуб Бујукчекмеџе) и член на клубот на фото кино аматери на Истанбул (İFSAK).

До денешен ден има учествувано на многу изложби. Неговите есеи и критики околу фотографијата се објавени на многу интернет страници и магазини. Бил кустос на многу различни фотографски проекции и изложби. Одржува работилници на турски и англиски јазик во фото клубови, приватни компании, јавни институции, унверзитети на теми фотографија, светло, композиција, HDR, панорамска фотографија, напредни фотографски вештини, инфра-црвена фотографија, портрети и Adobe Photoshop. Неговата прва соло изложба „Ќе се вратиме“ била одржана во 2014 година. Добитник е на повеќе од 60 награди на меѓународни фотографски изложби, со 120 различни фотографии во повеќе од 30 држави. Исто така победник е на IFSAK купот во 2012, 2013 и 2014 година. Победник е на 9-тиот Сами Гунер куп во 2015 година. Добитник е на наградата „Фотограф на годината“ од Фотографска асоцијација на Турција (TFSF). Во 2015 година ја освојува наградата Јунуз Нади на весникот Кумхуриет, најпрестижната награда во Турција. Од 2014 година е носител на звањето EFIAP\b, додека пак од февруари 2015 година го добива звањето GPU Hermes.

Фотографира панорамски и инфра-црвени фотографии вклучително и портрети со широко-аголни објективи.



„Ashura 5“

**Куманово 10.06.2017 год. Народен Театар Куманово 16:20 - 16:30 ч.**



**Владимир Јовановски** е истакнат македонски фотограф, роден во Куманово 1983 година. Со своите фотографии учествува на многу меѓународни изложби на уметничка фотографија во 35 држави ширум светот, каде има освоено повеќе од 90 награди. Во фотографијата, тој не е обичен регистратор на нештата, тој го чувствува просторот околу себе, светлината, амбиентот и животот. Постојано трагајќи по нив, се соочува со внатрешни емоции кои ги пренесува во своите фотографски креации. Последните неколку години во своето творештво настапува тематски.

Бил член и претседател на Фото-кино клуб „Козјак“ од Куманово, а сега е активен член на Фото клуб „Куманово“ и директор на Малински Фото Фестивал, покрај тоа, Владимир е и почесен член на Image Sans Frontier, Image Colleague Society и Фото клубот „Крагујевац“, активен претседател на IAAP и претставник на ISF и UPI за Република Македонија.

# ВЛАДИМИР ЈОВАНОВСКИ

## GREATEST GIFT



„Going down“

# ПРОЕКЦИИ

Куманово 10.06.2017 год. Народен Театар Куманово 16:30 - 16:40 ч.

Khayyam International Exhibition Of Photography

# KHAYYAM 2016

## INTERNATIONAL EXHIBITION OF PHOTOGRAPHY



Isa Ebrahim, Bahrain - „Chefhaouen“

Куманово 10.06.2017 год. Народен Театар Куманово 16:40 - 16:50 ч.

**Горан Којадиновиќ** е графички дизајнер и фото-аматер кој живее и создава во Крагуевац. Роден е во 1976-та година во Словенија. Дипломирал на Вишата политехничка школа во Белград на отсек – графичка технологија. Член е на Фото сојузот на Србија и Фото клубот Крагуевац. Љубовта спрема фотографијата му била пренесена од семејството каде што овој вид уметност особено се цени и неговото интересирање за фотографијата расте со напредокот на дигиталната технологија. Бил ангажиран во активностите кои што во 2010 година допринеле да дојде до повторно оживување на фотографијата во Крагуевац (фото-излети, клупски изложби и фестивали на уметничка фотографија) и така го запознал магичниот свет на уметничката фотографија. Со изложување на меѓународни изложби започнал во 2012 година. Учествувал на преку 60 домашни и меѓународни салони, освоил преку дваесет награди во Србија и странство и жирирал десет меѓународни изложби. Досегашните успеси ги потврдил со стекнувањето на титулата EFIAP. Во фотографијата трага по убавината и во таа потрага го наоѓа својот мир, па инсистира на тоа фотографијата да му остане само хоби.



# ГОРАН КОЈАДИНОВИЌ



„Through the fog“

**Куманово 10.06.2017 год. Народен Театар Куманово 16:50 - 17:00 ч.**



**Томас Окониевски** (Tomasz Okoniewski) - историчар, новинар, голем ентузијаст и промотер на фотографијата која е негова пасија. Томас бил заинтересиран за фотографската уметност многу години, но на неговото хоби посериозно се посветил од 2007 година. Неговите омилени теми за фотографирање се урбаниот пејзаж на соседството и секојдневниот живот на луѓето. Според неговото мислење, фотографирањето на урбаниот пејзаж го учи фотографот како да гледа на светот со поинакви очи, да ги запази нештата што порано биле незабележливи. Цртањето со утринската светлина е едно нешто, но сепак најважниот субјект е човекот со целиот негов спектар на емоции.

Томас Окониевски е носител на звањата AFIAP, AFRP (the Artist Photographer of the Republic of Poland) и AFF (Fotoferia Artist). Член е на фото клуб РЦКП Кросно, почесен член на фото клуб Фотоферија, член на фото клуб на Република Полска и еден од организаторите на интернет групата Фото Кросно (FotoKrosno). Неговите дела имаат добиено награди на многу национални и меѓународни фотографски натпревари, под патронажа на фотографските асоцијации FIAP, PSA, IAAP, GPU, ISF, MoL, IUP, ICS како и многу национални организации. Томас Окониевски исто така е победник на престижни салони како што се IPA, ND Awards, IPOTY, TIFA, FAPA и Monochrome Photography Awards. Или вкупно, неговите дела биле наградени во 36 држави ширум светот. Индивидуални изложби на фотографии на Томас Окониевски до сега биле организирани во многу галерии и меѓународно изложени во повеќе од 50 држави. Во 2016 година, министерот за култура и национално наследство го награди Томас Окониевски со „Орден за заслуги - Заслужен за полската култура“.

# TOMASZ OKONIEWSKI

- IN THE KINGDOM OF SMOKE
- TOUCH OF THE SUN



„Bon apetit“

Куманово 10.06.2017 год. Народен Театар Куманово 17:10 - 17:20 ч.

**Уметничка фотографска федерација на Иран (I.P.A.F)** е непрофитна организација која допринесува за развој на фотографијата во Иран, преку помошта која им ја пружа на своите членови при аплицирање на меѓународни фото конкурси, натпревари, фестивали и изложби. Исто така организира самостојни и групни изложби, како и фото тури низ Иран.

# ИРАН П.А.Ф











1 **Amin Pasi Shirazi**
Time is passing

2 **Hassan Azadi**
Kenary

3 **Davoud Izadpanah**
Naqsh-e Jahan Square

4 **Asghar Besharati**
Ati

5 **Mehdi Masoumi**
Gorji

www.iranisgreat.com

# ПРОЕКЦИИ

Куманово 10.06.2017 год. Народен Театар Куманово 17:10 - 17:20 ч.



**Премислав Ниепокој**, роден 1986 година е фотограф кој работи уметничка и документарна фотографија. Дипломира на Универзитетот за информатичка технологија и менаџмент, отсек графички дизајн, во Резхов, Полска. Работи како научник во министерството за наука и високо образование. Член на Фото Сојуз на Полска и фото клуб Кросно. Добитник е на бројни национални и меѓундародни награди како што се: International Photography Awards , Monochrome Photography Awards, International Photographer Of The Year, Fine Art Photography Awards, Neutral Density Photography Awards, National Geographic Poland.

Неговите дела се фокусирани на хуманистичка и социјална фотографија, бидејќи највеќе е заинтересиран за снимање на луѓето на документарен, односно репортерски начин..

## PRZEMYSŁAW NIEPOKÓJ



**Куманово 10.06.2017 год. Народен Театар Куманово 17:20 - 17:30 ч.**



**Боб Дивајн** е роден во руралниот дел на Кент, каде што пораснал меѓу природата, надвор од урбаната џунгла. Како дете го користел семејниот фотоапарат за да фотографира црно-бели фотографии од животните од локалната фарма. Педесетина години подоцна, заедно со неговиот Канон фотоапарат патува низ светот и ги фотографира дивите животни во нивната природна околина. Ги посетил САД и Канада во потрага по специфични видови мечки, бил во Индија за да го фотографира природното живеалиште на тигрите и ја пропешачил Европа за да ги документира ретките видови диви птици.

Резултатот од неговите патувања и фотографии се награди (вклучително златни и сребрени медали) на многу интернационални натпревари. Носетел е на звањата EFIAP, ARPS, DPAGB и многу други.

# БОБ ДИВАЈН



„Lion king“

# САМОСТОЈНА ИЗЛОЖБА НА ФОТОГРАФИИ

Куманово 10.06.2017 год. **ФОТО КЛУБ КУМАНОВО 19:00 - 20:00 ч.**







**Душко Јовановски** (1949), фотограф ентузијаст-перфекционист, во магичниот свет на фотографијата влегува 1967 година со фотографијата „Очекување“. Следната деценија, опојната магија на фотографијата ќе биде и предизвик и инспирација за него, а уметничката фотографија творечко хоби.

Ќе сними бројни фотографии со исклучителна визуелно - естетска вредност, каде мигот, емоцијата и симболиката, хармонијата и контрастот, доминацијата и единството се преточуваат во суптилна порака која буди интерес и внимание.

Во 1974 година прави творечки исчекор со неповторливата колекција на фотографии наречена „Фотографија за спомен“. Снимена во еден микро простор, таа претставува повеќеслоен белег за просторот и луѓето во него, за семејството како исконска клетка на секое општество, за односите во него, како и за младоста, идилата, опстанокот и миграцијата.

Сега, гледајќи ги повторно фотографиите на Душко, од четриесетгодишна временска дистанца, уште еднаш се потврдува максимата дека уметноста и уметничките дела имаат универзална безвременска вредност.

Учествувал на бројни изложби каде има постигнато видливи резултати. За постигнатото реноме и нивото на естетско изразување од обласа на уметничката фотографија, во Загреб 1977 година е прогласен за Кандидат-Мајстор на Југословенската фотографија. При крајот на седумдесетите години престанува да се занимава со фотографија, но останува активен член во Фото Сојузот на Македонија и отворен соговорник за помладите автори кои се појавуваа во Македонската фотографија.

Живее во Куманово почесен член е на Фото - кино клуб „Козјак“ и Фото клуб „Куманово“ и двата од Куманово.

**Марјан Јаневски,**
Кандидат-Мајстор на фотографија на ФСМ, AFIAP

1 „Ореол“ 2 „Црно копче“

## ИЗЛОЖЕНИ ФОТОГРАФИИ

1. Очекување
2. Бран
3. Лишај
4. Момент
5. Елеци
6. Пролет
7. Опстанок
8. Идила
9. Хиреархија
10. Другари
11. Миграција
12. Бригадир
13. Омиш
14. Црна жена
15. Репортер
16. Рамче
17. Ореол
18. Дедо Трајко
19. Македон
20. Ковач
21. Црно копче
22. Маја
23. Славица

# КЛУПСКА ИЗЛОЖБА НА ФОТОГРАФИИ – ФОТО КИНО КЛУБ БИТОЛА

**КРАТОВО 11.06.2017 год. ОУ МУЗЕЈ НА ГРАД КРАТОВО 12:00 - 12:30 ч.**




За своето петогодишно постоење ФКК Битола направи многу за македонската уметничка фотографија, а сходно на тоа се интегрира и пошироко во европските, како и во светските трендови на модерната уметничка фотографија. Оваа година во програмата на Малински фото фестивал, ФКК Битола ќе се претстави со своја изложба каде ќе можат да се видат индивидуалните достигнувања на сите негови членови, вклучувајќи ги и оние најмладите.

## ИЗЛОЖЕНИ ФОТОГРАФИИ

**Александар Георгиев**
Old man
Stairway
Bricks

**Алисија Колевска**
Delight
Exploration

**Алпај Мемедовски**
NY state
Thinking

**Бахар Мемедовска**
A loner is not always alone

**Цветанка Томкова Илова**
Somewhere between
Brotce

**Димитар Чунговски**
Brodostopiranje
Koj e koj
Krivina

**Димитар Здравевски**
Kolekcija_1_laughter
Kolekcija_2_cycling
Kolekcija_3_a walk

**Дино Нацевски**
Connection
Different
Fishermans

**Иван Трпков**
The_moment

**Ивона Кочов**
Crossing over
Master and Shadow
My pigeon

**Катерина Мавровска**
Serpentini
Bratska ljubov
Pita so zelje

**Кети Талевска**
Flying
Following
Walking

**Константина Дојчиновска**
1
Magla

**Коста Дупчинов**
Rafik Story 1
Rafik Story 2
Rafik Story 3

**Невена Тодоровска**
Mario
Osamenost

**Петар Бибовски**
Presence
Spin me

**Сашо Паркет**
Rembrant

**Сашо Поповски**
On The Frozen Lake

**Стефан Ѓорѓиевски**
Confession
Free pass
Stairs to the sky

**Стефан Петровски**
In the middle of nowhere

**Стефанија Милевска**
Chio
Hands

**Татјана Димитриевска**
Illusion
Miss piggy
Survival

**Теоден Нале**
The glowing swans
Freedom

**Виктор Налевски**
DC Tower
Reflection
Subway

**Жарко Дурланов**
Izlog

1. **Ивона Кочов**
   Master and Shadow
2. **Алпај Мемедовски**
   Ny state
3. **Коста Дупчинов**
   Rafik Story 3
4. **Татјана Димитриевска**
   Survival
5. **Сашо Поповски**
   On The Frozen Lake
6. **Стефанија Милевска**
   Hands















# ОД ИЗЛОЖЕНИТЕ ФОТОГРАФИИ













1 **Катерина Мавровска**
Pita so zelje

2 **Димитар Чунговски**
Koj e koj

3 **Кети Талевска**
Following

4 **Виктор Налевски**
DC Tower

5 **Иван Трпков**
The_moment

6 **Константина Дојчиновска**
Magla











1. **Стефан Ѓорѓиевски**
   Confession
2. **Теоден Нале**
   The glowing swans
3. **Стефан Петровски**
   In the middle of nowhere
4. **Димитар Здравевски**
   Kolekcija_3_A walk
5. **Бахар Мемедовска**
   A loner is not always alone






















1. **Александар Георгиев**
   Stairway
2. **Цветанка Томкова Илова**
   Brotce
3. **Дино Нацевски**
   Fishermans
4. **Невена Тодоровска**
   Osamenost
5. **Петар Бибовски**
   Spin me
6. **Алисија Колевска**
   Delight
7. **Жарко Дурланов**
   Izlog

# КЛУПСКА ИЗЛОЖБА НА ФОТОГРАФИИ – ФОТОГРАФСКАТА АСОЦИЈАЦИЈА „МЕРСИН ОЛБА“

**КРАТОВО 11.06.2017 год. ДОМ НА КУЛТУРА ЛАЗАР СОФИЈАНОВ 12:30 - 13:00 ч.**

Фотографската асоцијација „Мерсин Олба“ е формирана на 2011 година, во градот Мерсин, Турција. Целта на оформување на ваков тип организација е промоција на културните и уметнички моменти од самиот град. Водена од начелото за промоција и допринос, пред се на квалитет, пријателство, љубов во Мерсин и околината, таа создава постојано нови генерации фотографи, водени од филозофијата на уметничката фотографија. Тие самите го промовираат квалитетот и ја популаризираат фотографската уметност. Основачите на клубот, Мустафа Есер, Хулки Муради, Ташсин Алтинок, Хикмет Авци, Угур Азаз, Сулејман Учан и Тункеј Јилдриз (починат), макотрпно работеа, со душа и срце да го заживеат и подигнат клубот на денешно ниво.

Од каде името Олба? Во провинцијата Мерсин, на 1050 метри надморска височина, се наоѓа стариот град Олба. Овој антички град е од хеленистичкиот период, кој во времето на својот зенит бил важен трговски центар во регионот. На археолошкиот локалитет постојат многу историски споменици како аквадукт, театар, некропола, антички куќи, канали за пренос на вода, монументални гробници, фонтани, цркви и стражарски кули. Освен службата кон фотографската уметност, под светлото на фотографскиот дух, одлучивме името на нашето здружение да биде Фотографската асоцијација Мерсин Олба со за да ги сочуваме сите цивилизациски и културни богатства што се наоѓаат во границите на нашиот преубав град Мерсин.

Сегашното претседателство на Фотографската асоцијација Мерсин Олба го сочинуваат: Хулки Муради (претседател), Селма Демиркол, А. Ведат Јилдирим, Јусуф Зија Чакир и Муса Далмаз.



**Tuncer Oğuz -** „Çamaşırlar“

1. **İbrahim Zaman** Time 1
2. **Sevim Eser** Balıkçılar
3. **Abdullah Apan** Sepetçi
4. **İbrahim Öngü** Kalaycı
5. **Burcu Eser** Elver Ustam
6. **Figen Sarıyıldız** Güien Gözler
7. **Hasan Aygün** Kadınlar










































1 **Can Özhindi**
Kapadokya

2 **Leyla Emektar**
Peace and Tranquility

3 **Mustafa Eser**
Vietnamlı Kadınlar

4 **Nizamettin Düzgün**
Kız

5 **Hayrettin Kırdı**
7 uyanıklar çetesi

6 **Hasan Gedik**
Akrobat

7 **A. Hikmet Avcı**
Merdiven

























1 **H. Hulki Muradi**
Zombi

2 **Kadriye Gedik**
Xiapu 101

3 **Süleyman Uçan**
Dökümcü

4 **Yusuf Ziya Çakır**
Balıkadam

5 **Evren Sayın**
Alzheimer

6 **Faruk Koray**
Yansıma

7 **Selma Demirkol**
Trio

8 **Tahsin Altınok**
Hazan

www.malinski.photoclubkumanovo.com